РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-418/7
05.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 5. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 3.2.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Зирјета Јаjага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јаjага, ја отвори 5. седница на Советот. Седницата почна во 12:10 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од првата Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.1.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 4. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.1.2026 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 октомври до 31 декември 2025 година.
4. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп.
5. Предлог-правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга од приватна агенција за вработување.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга-ревизорски услуги.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка услуга-финансиско осигурителни услуги.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од првата Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.1.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 4. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.1.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ги образложи квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 октомври до 31 декември 2025 година. Објасни дека во изминатото тромесечје Агенцијата спроведе низа активности, од кои најзначајни се мониторингот на Локалните избори и Деновите на медиумска писменост. Наведе дека мониторингот на медиумското покривање во првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година беше спроведен во периодот од 29 септември до 17 октомври, а конечниот извештај од мониторингот беше објавен на 31 октомври. Предмет на надзор беа 11 национални телевизиски програмски сервиси: три програмски сервиси на Македонската радиотелевизија и 8 комерцијални национални телевизии, поточно петте терестријални телевизии и Компани 21-М, Шења и 24 Вести. За сите други радиодифузери постапувањето беше врз основа на претставки. Во првиот круг од изборите беа покренати 5 прекршочни постапки, против ТВ Гурра за надминување на лимитот за времетраење на емитуваното ППР, додека за ТВ Компани 21-М, ТВ Шутел, ТВ Вистел и ТВ 24 Вести постапките беа за прекршување на изборниот молк. На 5 ноември до Државната изборна комисија беше доставен Извештајот за платеното политичко рекламирање во првиот круг од Локалните избори 2025. Мониторингот за изборното медиумско претставување во вториот круг од Локалните избори 2025 година почна на 20 октомври и траеше до 31 октомври 2025 година. Примерокот за мониторинг остана неизменет во однос на првиот изборен круг. За време на изборната кампања и за време на изборниот молк во вториот круг од Локалните избори не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик. Извештајот за платеното политичко рекламирање во вториот круг од Локалните избори 2025, беше доставен до Државната изборна

комисија на 21 ноември. Во текот на октомври Координативното тело кое постапува според Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми расправаше и донесе заклучоци за 8 претставки. Со цел подигнување на јавната свест за постоењето и значењето на Кодексот, јавноста беше информирана преку пораки и видеа на социјалните мрежи „Фејсбук“ и „Инстаграм. Пораките и видеата беа објавени на македонски и албански јазик. Агенцијата имаше и повеќе активности поврзани со Повторните локални избори кои се одржаа на 11 јануари 2026 година. Јавниот радиодифузен сервис и националните телевизии кои емитуваа ППР, во неколку наврати со дописи беа потсетени на обврските од Изборниот законик. Мониторингот започна на 22 декември. а со оглед на малиот опсег, надзорот на известувањето се вршеше по претставки, додека целосен мониторинг се вршеше врз емитувањето платено политичко рекламирање.Во однос на програмските и административните обврски на радиодифузерите, изминатиот квартал се извршени редовни програмски и административни надзори врз 5 регионални комерцијални радиопрограмски сервиси, при кои кај радио Џез ФМ беше констатирано прекршување на обврската за емитување на доброволно пријавениот процент домашна музика и му беше изречена мерка јавна опомена. Надзори се извршени и врз 5 локални комерцијални радиопрограмски сервиси, при кои кај радио Модеа беше констатирано прекршување на правилата за емитување аудиокомерцијална комуникација, а кај радио Јехона ФМ беше констатирано необјавување на информации кои треба да се направат достапни за корисниците. За исполнувањето на минималните кадровски услови потребни за вршење на дејноста, спроведени се административни надзори врз 89 радиодифузери, при кои не беше утврдено прекршување. Редовен административен надзор за обврската за објава на податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник и изворите на финансирање во претходната година и снимка од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од објавувањето, беше извршен врз сите 93 радиодифузери, при кој не беа констатирани прекршувања. Врз основа на доставено известување за промена на сопственичката структура на ТВ Шутел, а откако се констатираше дека со побараната промена не се прекршуваат законските одредби, беше донесена одлука со која се одобри промена на сопственоста на оваа регионална телевизија. Спроведени се три стручни надзори на радиодифузери на кои претходно им беше доделена дозвола за емитување радиопрограма на локално ниво – Радио Буба Мара Штип, Радио Буба Мара Прилеп и Радио Струга, каде се утврди дека ги исполнуваат техничките услови во согласност со доделената дозвола за радиоемитување. Од 17 до 24 ноември се одржаа седмите по ред, Денови на медиумска писменост 2025 под мотото „Ти знаеш, друг не знае. Твојот коментар може да помогне!“. Настаните организирани од АВМУ и Мрежата за медиумска писменост вклучуваа над 20 настани кои се одржаа на различни локации во повеќе градови, а некои од нив и онлајн. За промоција на Деновите, беа изработени ТВ и видео спотови кои бесплатно ги емитуваа радиодифузерите, како и повеќе пораки и видеа наменети за Фејсбук и Инстаграм. Беа спроведени 17 редовни, 2 контролни и еден вонреден програмски надзори врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Извршени се и два редовни административни надзори врз издавачите на печатени медиуми, за обврската за објавување импресум, кои опфатија 16 печатени медиуми. Беа доставени пет пријави за регистрирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање – физички лица. За оваа категорија на субјекти беше изработен и Водич за инфлуенсери, влогери, креатори на содржини. Во овој период беа реализирани бројни состаноци на директорот и вработените од Стручната служба со претставници на институции, организации и тела

поврзани со медиумската сфера, се реализираа повеќе меѓународни активности, а беа подготвувани и придонеси во рамки на процесот на европска интеграција. Во рамките на транспарентното работење беа одржан четвртиот јавен состанок за 2025 година, беа објавени повеќе соопштенија, а сите веб-страници на Агенцијата редовно се одржуваа и ажурираа со содржина со посебен акцент на Локалните избори 2025 и Деновите на медиумска писменост. Завршени се неколку ревизии од страна на внатрешниот ревизор за кои се доставени ревизорски извештаи, и започнато е спроведување ревизија на системот за заштита на лични податоци во Агенцијата. Извршена е проценка на можните области од работењето на Агенцијата кои можат да бидат предмет на ревизија и врз основа на проценка на ризик изработени се Стратегија за внатрешна ревизија за период од 2026 до 2028 година и Годишен план за внатрешна ревизија за 2026 година и истите се доставени до Министерството за финансии. Во однос на изречените мерки, во текот на тромесечјето донесени се едно решение за мерка јавна опомена за еден радиодифузер и три решенија за јавна опомена и исклучување од реемитување програмски сервиси за три оератори. Спроведена е една постапка за порамнување за еден оператор која заврши успешно.

Советничката Гордана Мајнова постави прашање во врска со кварталниот извештај, односно со финансиските податоци за приходите и расходите. Таа посочи дека, според извештајот, Агенцијата има поголеми расходи отколку приходи, со разлика од околу шест милиони денари, кумулативно до крајот на 2025 година. Во таа насока, таа упати прашање до раководителот на Секторот за финансии и логистика во врска со приходите од Буџетот за изборниот процес, каде што се предвидени 13 милиони денари, а реализирани се само 7 милиони денари. Што ќе се случи со преостанатите околу шест милиони денари? Дополнително, таа побара појаснување и за ставката „приходи од финансиски средства од Буџетот и од наплата на радиодифузна такса“ во износ од 4 милиони денари, односно дали се предвидува преземање на одредени чекори во врска со овие средства.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, во однос на првото прашање појасни дека при донесувањето на Финансискиот план за 2025 година, Агенцијата предвидела користење на средства од минати години во износ од 49.129.722 денари. Меѓутоа, до овој момент од наведените средства се искористени само 6.0737.240 денари. Овие приходи од минати години не се целосно прикажани во кварталниот извештај, бидејќи податоците сè уште не се конечни. Имено, Агенцијата е непрофитно регулаторно друштво и, согласно закон, трошоците се утврдуваат заклучно со 30.01.2026 година за фактури издадени до 31 декември, а кои се однесуваат на месец декември. Поради тоа, кога ќе се усвојува завршната сметка сите овие податоци ќе бидат внесени. Во однос на средствата добиени од Буџетот, тој информираше дека се префрлени 5 милиони денари помалку од износот предвиден со законот. За тоа веќе е испратено писмено известување до надлежното министерство, со барање Агенцијата да ги добие преостанатите средства и да биде информирана кога истите ќе бидат префрлени на нејзината жиро-сметка. Во врска со средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за изборниот процес, Радуновиќ појасни дека Агенцијата не побарала 13 милиони денари, туку 11 милиони 270 илјади денари, врз основа на направена проценка за реалните потреби. Од тие средства се планира да се потрошат околу 9 милиони денари, додека преостанатите приближно 2,5 милиони денари ќе треба да се вратат, бидејќи станува збор за строго наменски средства со јасно утврдени позиции за нивна употреба.

Точка 4

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, ја образложи предложената одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп. Тој појасни дека Советот на Агенцијата донел одлука за поведување постапка за одземање на дозволата поради две утврдени повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Првата причина е тоа што радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а втората причина е прекинот на емитување програма подолг од 30 дена. Телевизија Сонце е уредно известена за одлуката на Советот, а потпишаната приемница од страна на претставник на медиумот е доставена во прилог на материјалите. По донесувањето на одлуката, извршен е повторен надзор со цел да се утврди фактичката состојба кај радиодифузерот. При надзорот, спроведен на 29 јануари, повторно е констатирано дека радиодифузерот располага со само еден вработен, иако минималниот пропишан број изнесува 20. Дополнително, утврдено е дека радиодифузерот и понатаму не емитува програма, а во меѓувреме е отворена и стечајна постапка. Имајќи ги предвид наведените прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се предлага на радиодифузерот да му биде одземена дозволата за телевизиско емитување.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-141 од 18.3.2019 година на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предложениот Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој појасни дека измените се вршат на барање на претседателот на Советот и се однесуваат на одредени работни места. Конкретно, измените се однесуваат на работните места возач/доставувач и работник на пријавница. Кај работното место работник на пријавница, бројот на извршители се намалува од двајца на еден, додека кај работното место возач/доставувач бројот на извршители се зголемува од двајца на три. Вкупниот број на

вработени во Агенцијата, согласно систематизацијата, не се менува и останува ист, при што се врши исклучиво прераспределба на работни места.

Советничката Гордана Мајнова постави прашање кога последен пат била отворена систематизацијата, односно кога последен пат биле направени измени или дополнувања на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата.

Директорот д-р Зоран Трајчевски одговори дека, колку што се сеќава, последната измена на Правилник била направена во 2022 година.

Советничката Гордана Мајнова праша дали се планира во блиска иднина повторно да се отвори систематизацијата и да се изврши функционална анализа, со цел да се утврди распределбата и бројот на работните места, реалната потреба од нивно зголемување или намалување, да се избегне непотребно преклопување на надлежностите, како и да се обезбеди соодветна усогласеност меѓу кадарот и работните позиции. Таа истакна дека, имајќи го предвид билансот на успех, од вкупните трошоци во износ од 147 милиони денари, околу 92 милиони денари, односно повеќе од 50-60 %, се однесуваат на трошоци за плати. Оттука, таа предложи при следното отворање на систематизацијата да се спроведе функционална анализа со која ќе се согледаат реалните потреби за евентуално вработување нови лица во Агенцијата.

Директорот д-р Зоран Трајчевски одговори дека овој процес веќе е започнат и дека, најверојатно до септември оваа година, Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата ќе биде доставен до Советот на разгледување.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од советничката Афрона Врзиволи го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведениот подзаконски акт, влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга од приватна агенција за вработување. Таа појасни дека со оваа набавка се започнува со реализација на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година. Станува збор за набавка која, согласно проценетата вредност, ќе се спроведе како отворена постапка, со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки што се однесуваат на овој вид постапка. Постапката ќе биде започната со објавување оглас во електронскиот систем за јавни набавки, како и во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во Службеното гласило на

Европската Унија. Причината за спроведување на оваа јавна набавка е обезбедување можност Агенцијата, како договорен орган, да ги задоволи своите потреби за привремено вработување надворешни соработници, за оние работни позиции за кои е утврдена таква потреба, согласно одредбите од посебните законски прописи што ја уредуваат оваа материја.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од советничката Афрона Врзиволи даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка: услуга од приватна агенција за вработување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: услуга од приватна агенција за вработување, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-56391/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга – ревизорски услуги. Таа појасни дека станува збор за набавка што се спроведува секоја година, бидејќи Агенцијата има законска обврска еднаш годишно до Собранието да достави ревизорски извештај изработен од независно и овластено ревизорско друштво. Со оваа јавна набавка ќе се обезбеди ревизорска услуга, односно ревизија на финансиското работење на Агенцијата за целата 2025 година. Од аспект на Законот за јавни набавки, станува збор за набавка од мала вредност, која ќе се спроведе со целосно почитување на одредбите од законот што се однесуваат на овој вид постапка. Постапката ќе биде започната со објавување оглас во електронскиот систем за јавни набавки. Сите дополнителни информации и податоци во врска со оваа постапка за јавна набавка се содржани во материјалите доставени за оваа седница.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: ревизорски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: ревизорски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-56391/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 8**

Раководителката Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга – финансиско-осигурителни услуги. Таа појасни дека станува збор за услуга предвидена во Финансискиот план и во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година. Согласно проценетата вредност, набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност и ќе започне со објавување оглас во електронскиот систем за јавни набавки. Причината за спроведување на оваа јавна набавка произлегува од потребата за

заштита на имотот на Агенцијата во текот на нејзиното редовно работење. Имено, недвижностите, движниот имот и опремата што се наоѓаат во деловниот објект во кој е сместена Агенцијата можат да бидат изложени на ризици како кражба, вандализам, земјотрес, пожар или други незгоди. Со оваа постапка ќе се избере економски оператор кој, преку соодветно осигурување, ќе придонесе за намалување, односно ублажување на економските последици што Агенцијата би ги претрпела во случај на настанување ваков вид штета. Сите дополнителни информации во врска со оваа јавна набавка се содржани во материјалите доставени за оваа седница.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: финансиско осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: финансиско осигурителни услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-56391/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 9**

**Разно**

Советничката Гордана Мајнова постави прашање дали при изборот на економскиот оператор ПЗУ „Медика С“, односно „Неуромедика“, клучен критериум била цената.

Раководителката Цветанка Митревска одговори дека станува збор за набавка за која е утврден законски минимален износ од 800 денари, поради што цената претставувала пресуден критериум. Дополнително, како критериум при за изборот биле земени и дополнителните здравствени прегледи што ги нуди економскиот оператор, и токму врз основа на тие дополнителни прегледи бил извршен изборот.

Во текот на дискусијата, од страна на дел од членовите на Советот беше искажано незадоволство од начинот на реализација на систематските здравствени прегледи. Беа изнесени забелешки во однос на квалитетот и содржината на одделни прегледи, како и на времетраењето и организацијата на нивното спроведување. Дополнително, беа посочени одредени неконзистентности во доставените резултати од здравствените прегледи, што кај дел од членовите на Советот отвори сомнеж во нивната точност и веродостојност. Во таа насока, беше нагласена потребата во идните постапки за избор на економски оператор, покрај цената, да се земат предвид и аспектите поврзани со квалитетот на услугата.

Советничката Афрона Врзиволи, осврнувајќи се на реализацијата на систематските здравствени прегледи, истакна дека членовите на Советот, по меѓусебна размена на мислења, констатирале постоење на одредени пропусти во добиената услуга. Таа посочи дека една од можните конкретни мерки во ваков случај е доставување негативна референца до Бирото за јавни набавки.

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, предложи да се одржи состанок во нејзината канцеларија, со цел дополнително разгледување на прашањето и договарање на понатамошни конкретни активности.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**заменик на претседателот на Советот,**

______________________
**м-р Зирјета Јајага**